**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-6757/2**

# З А П И С Н И К

**Од 77-ма седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 25.12.2018 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамадани,м-р Ристе Панов,Косана Николиќ Мазнева , Ивана Трајковска, Анита Латифи,Златко Јанковски и Гајур Рамадани.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Арун Ибраими-заменик на директорот на МРТ,Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и реализација на буџети,Ели Јосифовска-одделение за промоција и маркетинг,Анета Андонова-Одговорен уредник на Прв програмски сервис МТВ,Мигена Горенца-Одговорен уредник на Втор програмски сервис МТВ,Еран Хасипи-уредник на програма на турски јазик во Втор програмски сервис МТВ и Дарко Стефановски-претседател на Надзорен одбор на МРТ.

Седницата започна во 11:15 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 76-та седница на Програмскиот совет на МРТ.
2. Разгледување и усвојување на Предлог Правилник за плати и надоместоци на плати на ЈРП МРТ.
3. Разгледување и усвојување на Предлог Правилник за примена на сметководствени политики на ЈРП МРТ.
4. Разгледување и усвојување на Предлог Правилник на ЈРП МРТ за исплата на службени патувања во земјата.
5. Разгледување и усвојување на Предлог Правилник на ЈРП МРТ за исплата на службени патувања во странство.
6. Разгледување и усвојување на Предлог Упатство за работа на Секторот за комерција и јавни набавки и за процедури поврзани со јавните набавки во ЈРП МРТ.
7. Разгледување и усвојување на Предлог Ценовници за маркетинг услуги на ЈРП МРТ за 2019 година.
8. Разгледување и усвојување на Предлог Финансиски план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2018 година, со пренамена на средства.

9. Разгледување и усвојување на предлог План за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година.

10. Усвојување на пречистен текст на Статутот на ЈРП Македонска Радио Телевизија.

11. Разно.

Претседателката на советот предложи поради обемноста на дневниот ред, а и поради работните обврски кој ги имаат дел од членовите на советот,дневниот ред да биде преполовен и да биде закажана нова седница во текот на утрешниот ден 26.12.2018 година во 13:00 часот.

Програмскиот Совет на МРТ едногласно ги прифати забелешките и предлогот на претседателката на Програмскиот совет и го усвои корегирниот дневен ред:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 76-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Предлог Финансиски план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2018 година, со пренамена на средства.

3. Разгледување и усвојување на предлог План за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година.

4. Разгледување и усвојување на Програма за развој на нови програмски сервиси на Македонската Телевизија.

5. Разгледување и усвојување на Предлог Ценовници за маркетинг услуги на ЈРП МРТ за 2019 година.

6. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записникот од 76-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 76-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 76-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет со 11 гласа ЗА и 1 возджан глас-(Анита Латифи-не присуствуваше на седницата) **го усвои** запсиникот од 76-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Предлог Финансиски план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2018 година, со пренамена на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска од одделението за планирање и реализација на буџети која детално го објасни Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2018 година, со пренамена на средства ставка по ставка.Виолета пред присутните објасни зошто и од кои причини се прави ваквата измена на Финансискиот план за 2018 година.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски објасни дека на предходна седница на Надзорниот одбор истиот материјал е разгледан и има добиено согласност и од Надзорниот одбор на МРТ.

Врз основа на член 124 став 1 алинеа 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на РМ бр.184/13;13/14; 44/14;101/14;132/14,132/17),и член 43 став 1 алинеа 7 од Статутот на ЈРП МРТ, Програмскиот Совет на ЈРП МРТ на својата 77-ма седница одржана на ден 25.12.2018 година, по разгледувањето на Финанисискиот план за измена на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2018 г. со пренамена на средства,ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Финансиски план за измена на**
**Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2018 г.**
**со пренамена на средства**

**I.** Програмскиот совет на ЈРП МРТ, на предлог на Директорот на МРТ,го разгледа и го усвои Финанисискиот план за измена на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2018 г. со пренамена на средства.

**II.** Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**III.** Примерок од Одлуката да се достави до:

- Сектор за правни работи и човечки ресурси;
- Сектор за финансиско работење;
- Сектор за комерција и јавни набавки;
- Одделение за планирање и реализација на буџети;
- Одделение за внатрешна ревизија;
- Архивата на МРТ.

По расправата Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2018 година, со пренамена на средства беше ставен на гласање.

■ **Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2018 година, со пренамена на средства** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2018 година,со пренамена на средства **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 3:**Разгледување и усвојување на предлог План за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ со детално образложение по материјалот на Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2019 година.Таа исто така детално го обајсни начинот на изработка на материјалот од Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година како секоја ставка поединечно,појаснувајќи дека истиот е изготвуван според планираните приходи и согласно законските одредби.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски објасни дека на предходна седница на Надзорниот одбор истиот материјал е разгледан и има добиено согласност и од Надзорниот одбор на МРТ.
Претседателката на советот со прашање зошто повторно не е предвидена ставка во планот односно средства потребни за мерење рејтинг.Виолета Димевска одговори дека за истото се планирани средства но дека се чека на измените на законот и дека дополнително кога ќе се донесат измените ќе се вметне и оваа ставка.

Врз основа на член 124,став 1,алинеа 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл. весник на РМ бр.184/13;13/14; 44/14;101/14;132/14,132/17), и член 43,став 1,алинеа 10 од Статутот на ЈРП МРТ, Програмскиот Совет на ЈРП МРТ на својата 77-ма седница одржана на 25.12.2018 год., по разгледувањето на Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Планот за јавни набавки на**
**ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2019 година**

**I.** Програмскиот совет на ЈРП МРТ, го разгледа и го усвои Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2019 година.

**II.** Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**III.** Примерок од Одлуката да се достави до:
- Сектор за правни работи и човечки ресурси;
- Сектор за финансиско работење;
- Сектор за комерција и јавни набавки;
- Одделение за планирање и реализација на буџети;
- Одделение за внатрешна ревизија;
- Архивата на МРТ.

По расправата Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2019 година беше ставен на гласање.

■**Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2019 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разгледување и усвојување на Програма за развој на нови програмски сервиси на Македонската Телевизија.**
Согласно ЗААМУ и Статутот на МРТ Директорот на МРТ достави до Програмскиот совет на МРТ-Предлог за донесување на Одлука за нови програмски сервиси на ЈРП МРТ.
Преглогот на Директорот на МРТ беше доставен на разгледување до членовите на Програмскиот совет на МРТ.

Врз основа на член 107 став 1 алинеја 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл. весник на РМ бр. 184/13, 13/2014, 44/2014,101/2014, 132/2014,132/2017) и член 12 од Статутот на ЈРП МРТ, Програмскиот совет на ЈРП МРТ на 77-та седница одржана на ден 25.12.2018 година, на предлог на Директорот на МРТ со бр.03-6756/1 од 24.12.2018 г., ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за нови Програмски сервиси од јавен интерес на**
**ЈРП Македонска Радио Телевизија**

**I.**Програмскиот совет на МРТ на предлог на Директорот на МРТ,донесе ОДЛУКА за обезбедување на 5 (пет) нови телевизиски програмски сервиси од јавен интерес на МРТ, и тоа:

●Втор програмски сервис на МТВ–24 часовен канал на албански јазик;
●Трет програмски сервис на МТВ–Канал 3–музика/забава/култура/спорт;

●Четврти програмски сервис на МТВ–Канал 4–Канал за документарна програма и програма на етничките заедници; и
●Петти програмски сервис на МТВ – Канал 5 – Детска програма.

**II.** Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**III.** Примерок од Одлуката да се достави до:
-Директор на МРТ,
-Заменик на Директор на МРТ,
-Директор на МТВ,
-Директор на Заеднички функции и администрација во МРТ,
-Сектор за финансиско работење на МРТ – (Одделение за планирање и реализација на буџети),
-Сектор за правни работи и човечки ресурси-(Одделение за стручна и техничка поддршка на ПС и НО на МРТ),
-Архивата на МРТ.

Повикани беа да се вклучат во расправата и Одговорните уредници Анета Андонова одговорен уредник на Прв програмски сервис МТВ,Мигена Горенца одговорен уредник на втор програмскис сервис МТВ и Еран Хасипи на програма на турски јазик во Втор програмски сервис МТВ.
Претседателката на советот прво и даде збор на Анета Андонова која пред присутните го објасни значењето на носењето на вакви нови канали,односно дека истото е идеја која долго време се преговара и договара и се чека на нејзино реалзирање,на мислење сме како уредници дека сега е крајно време да се добијат нови телевизиски канали на кои во иднина ќе се реализира нова програма и најважното ќе се добијат нови категории на гледачи додаде Анета.Потоа во продолжение од излагањето одговорната уредничка на првиот сервис ја обајсни пред присутните и целата програмска шема која се нуди преку Програмата за развој на нови програмски сервиси на Македонската Телевизија, а која беше поделена и пред присутните членови на советот,додавајќи дека ова е само дел од она што се планира да се емитува но дека истата ќе се дополнува и надградува во иднина.
Потоа збор доби Мигена Горенца одговорен уредник на втор програмски сервис МТВ која истакна дека со оваа одлука ќе се официјализира вториот канал на албаснки јазик но со напомена дека оваа ќе е на харија а доколку конечно не се добијат ветениете средства,а со тоа и новите вработувања и техника истиот нема да може да профункционира.Мигена исто така во продолжение ги објасна делови од програмската шема која се нуди преку Програмата за развој на нови програмски сервиси на Македонската Телевизија.
Еран Хасипи уредник на програма на турски јазик објасни дека со ова и турскиот јазик ќе добие повеќе простор како и за реализација за повеќе програма на турски јазик и на другите помали етнички заедници, но мора да се има во предвид дека со тоа ќе дојде и до потребата од повеќе финансии за нов кадар,техника и простор однсоно студја за реализација на истата програма.
По излагањата на уредниците беше отворена расправа, а прва за збор се јави членот Ведат Мемедалија кој запраша зошто на пример во делот на детски фестивали во програмата за развој никаде нема албански детски фестивал или турски детски фестивал,и по однос на документарната програма која е наведена во програмата ако вака гледаме ќе видиме дека нема да има документарна програма на албански јазик.
Анета Андонова одговори дека оваа програма за развој како што се напомена ќе биде подложна на промени и надградувања и дека истата не е конечна, додека Мигена дополни дека секако се предвидува и ќе има документарна програма на албански јазик.
Членот Анита Латифи со прашање дали во делот на детската програма сите емисии ќе бидат странски и колку целиот проект вака како што се планира ќе се одрази финансиски врз целокупното работење на МРТ.
Анета со одговор дека нема да биде целата детска програма странска туку секако дека ќе има и сопствена домашна продукциј, а по однос на финансиите одговор даде Горан Атанасов

кој наведе дека  се предвидува каналите да се емитираат на начинот плеј аут за кој не се потребни големи финансиски средства.
Членот на советот Снежана Клинчарова појасна дека ние како совет треба да гласаме за Одлука за носење на нови програмски сервиси,а не да гласаме за програмата за развој која цело време тука ја расправаме,истата е во домен на уредниците и таа кога ќе биде конечна ќе ја добиеме како таква на друга седница и по таа ќе треба да се изјаснеме тогаш, а сега важно е да биде донесена оваа Одлука за нови програмски сервиси.
Златко Јанковски додаде дека се сложува со Снежана и дека оваа Одлука треба да биде донесена на денешната седница бидејќи истите канал и беа расправани и разгледувани и на предходни седници и дека истите се потребни на МРТ,додека Програмата за развој е нешто друго.
Членот на советот Гајур Рамадани потенцираше дека Програмата за развој треба да се одвои од Одлуката за нови програмски сервиси на МРТ, и на оваа седница да се гласа само по Одлуката за нови програмски сервиси.
Членот Ведат Мемдалија додаде дека се сложува со Гајур Рамадани да се одвојат Програмата за развој и Одлуката за нови програмски сервиси на МРТ.

Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац по расправата ја стави на гласање Одлука за нови програмски сервиси од јавен интерес на ЈРП МРТ.

■**Одлука за нови програмски сервиси од јавен интерес** ЈРП МРТ беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Одлука за нови програмски сервиси од јавен интерес на ЈРП МРТ е едногласно **усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Разгледување и усвојување на Предлог  Ценовници за маркетинг услуги на ЈРП МРТ за 2019 година.**

Воведно излагање по оваа точка даде Ели Јосифовска од одделението за Маркетинг и промоција во МРТ  со детално образложение на материјалот од Ценовниците за маркетинг услуги за 2019 година, како и Ценовникот по секунда така и ЦПП ценовникот, и притоа додаде дека Ценовниците се исти од минатта година и непроменети бидејќи сеуште не се знае што ќе биде со Маркетингот во МРТ за годината која следи односно со носењето на новиот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
По расправата Ценовниците за маркетинг услуги на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2019 година беа ставени на гласање.
Претседателката запраша каков е одзивот за рекламирање на комитентите за престојното Светско првенство во ракомет које ќе се емитува на програмите на МРТ.
Ели Јосифовска од одделението за маркетинг истакна дека е задоволна и објасни дека иако маркетинг агенциите имаат добиено намалени буџети од поголемите компании во државава за разлика од минатото,сепак успеавме да договориме добри буџети за рекламирање на Светското првенство во ракомет 2019.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски објасни дека на предходна седница на Надзорниот одбор истиот материјал е разгледан и има добиено согласност и од Надзорниот одбор на МРТ со 6 гласа ЗА и 1 глас Против,како и со постојано укажување на Одделението за Маркетинг и промоција во МРТ од страна на Надзорниот одбор за повисоки достигнувања и за поголемо вклучување на одделението во креирањето на целокупната програма на МРТ.

По расправата Ценовниците за маркетинг услуги на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2019 година беа ставени на гласање.

■**Ценовниците за маркетинг услуги на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2019 година** беа ставени на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Ценовниците за маркетинг услуги на ЈРП МРТ за 2019 година се **едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 6:Разно.**
Заменик претседателот се осврна на поштата од минатата седница односно на барањето на вработена во МРТ до советот а по однос на спроведувањето на оценувањето на даватели на јавни услуги во МРТ.
Членот на советот Златко Јанковски со збор по однос на Правилникот за спроведување на оценувањето на даватели на јавни услуги и мерките за одличен и слаб ефект истакна дека прво немаме законски основ како совет да носиме одлуки како второстепен орган, а пак што се однесува до конкретниот случај на вработената евидентно е дека таа како сите останати вработени-даватели на јавни услуги во МРТ не добила официјално отценување од надлежните служби во куќата, и прашање е врз основ на што испратила вакво барање до нас како Програмски совет.
Исто така поштата која беше пристигната до Програмскиот совет на МРТ беше договорено да биде испратена електронски по е-маил до сите членови на советот.

Седницата заврши во 12:45 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на ЈРП МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател